39379

ВЕЧЕР ☆ 5 ноември 1992 година

9093.22.



ПРЕД ИЗЛОЖБАТА НА РУБЕНС КОРУБИН ВО УМЕТНИЧКАТА ГАЛЕРИЈА

# МИСТЕРИЈАТА Е МОЈА АТМОСФЕРА

● СКОПСКАТА ПУБЛИКА ЌЕ БИДЕ „СВЕДОК" НА ТРИЕСЕТИНА ЛИКОВНИ ОСТВАРУВАЊА НА АВТОРОТ, КОЈ ОРГАНИЗИРА САМОСТОЈНА ИЗЛОЖБА ВО СКОПЈЕ ПОСЛЕ СЕДУМ ГОДИНИ

Вечерва (19 часот), во Уметничката галерија на Скопје (Даут Пашиниот амам), ќе биде отворена изложба на слики и цртежи на академскиот сликар од Скопје Рубенс Корубин. На изложбата ќе бидат презентирани 20 слики работени во маслена и акрилна техника и 10 творби на хартија во комбинирана техника, сите создавани во последниве две-три години. Најновата изложба на Корубин (по седум годни во Скопје) е повод да разговараме со него, за неговото сликарство и за сликарството во Македонија воопшто.



РУБЕНС КОРУБИН

● Поминаа пет години од вашата последна самостојна изложба. На што се должи тоа?

**– Последниве пет години бев ангажиран на Факултетот за ликовни уметности во Скопје, што не значи дека не можев да организирам самостојна изложба. Пред тој ангажман имав статус на слободен уметник кој ги продава своите слики по галериите. Тогаш имав среќа да ги продадам сите слики, така што не сакав да дојдам во ситуација да ги позајмувам за да организирам своја изложба. Втората причина е интимна – некои од сликите ги започнав одамна и тие беа само знак за мене, а не и за јавноста, така што токму сега дојде моментот да ги завршам и да им ги презентирам на љубителите на уметноста.**

● Вашето сликарство е сликарство на паралелен свет – на мистериозното и реалното истовремено, нешто како да го соопштувате сопствениот сон?

**– Секоја слика за мене е чекор во непознатото. Можеби сум премногу емотивно сврзан со сликата која ја работам, но неа ја сфаќам како целокупно доживување на светот. Во тој момент не постои граница меѓу реалното и иреалното, видливото и (не)очекуваното, посакуваното и (не)достижното. Јас не можам поинаку да размислувам од тоа, сè е работа на атмосферата и сè се јавува спонтано.**

● Какви се вашите ставови за сликарството во Македонија?

**– Сликарството во Македонија е силно, затоа што е индивидуално и не е хендикепирано како другите уметнички друштва (композитори, писатели, архитекти и слично) кои мораат да поминат низ разни бирократски скалила за да можат да ја постигнат целта. Сликарите се потпираат на сопствените сили и кога сликарот е сам дава добри резултати. Проблем е да се одржи континуитетот во творештвото долж неколку децении, зашто вечно присутната тежина на егзистенцијата, многу од нашите сликари ги фрла вон колосек. А сликарството не е евтина егзистенција или хоби. Се надевам дека ДЛУМ со новоизбраното претседателство ќе стане една посилна и поеснафска организација која ќе им помогне на ликовните уметници.**

Л.Сабит